РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2080/21
07.02.2024г.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по доставена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

Постапката по предмет со бр. 08-2080/1 од 05.04.2023 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по наведениот предмет.

Предметот со број 08-2080/1 од 05.04.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

***Образложение***

Предметот со број 08-2080/1 од 05.04.2023 година е оформен по доставена пријава за поведување постапка за испитување на имотна состојба на лицата _______________ градоначалник на општина _______________ и _______________, член на совет на општина _______________.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на _______________ и _______________ и за членовите на нивните семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По спроведената анализа на прибавените податоци и нивно споредување со податоците од изјавата за имотна состојба и интереси на лицето _______________, ДКСК констатира дека податоците во поднесениот анкетен лист не се совпаѓаат со прибавените податоците од конкретните институции.

Имајќи го во предвид наведеното, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување, постапувањето по пријавата пред ДКСК се запира, а пријавата да се достави на надлежно постапување на Управата за финансиска полиција.

Изготвил: м-р Антонија А. Тасевска, советник

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk